Наративен извештај за декември 2018 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.

На почетокот на месец декември 2018 година, Директорот на ЈП за државни патишта заедно со раководниот кадар на претпријатието, имаше интензивна подготовка на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2019 година. Во остварување на агендата на директорот на ЈП за државни патишта, активностите за овој месец започнаа со консултантите CCCC First Highway ConsultantsCo Ltd, кои беа ангажирани од кинеската Ексим Банка, за да изврши целосна и сеопфатна проценка на состојбата со проектот Кичево – Охрид, заради продолжување на рокот за повлекување на средствата од постоечкиот заем, како и за обезбедување на дополнителни средства за овој проект. Претставници на оваа институција дојдоа на терен во Р.Македонија, при што имаа средба со Директорот Зоран Китанов на која се разговараше за актуелните состојби на терен, како и за следните чекори.

На покана на ICE Агенцијата за промоција и интернационализација на италијанските компании во странство и Амбасадата на Италија во Скопје, на италијанско – македонскиот бизнис форум и средби со компании заинтересирани за соработка со македонски партнери на проекти од област инфраструктура, енергетика и животна средина, Директорот Зоран Китанов зема учество на панелната дискусија посветена на секторот патишта, каде што ги илустрираше тековните и идните проекти.

Направен е теренски увид од страна на Министерот за транспорт и врски Горан Сугарески и Директорот на ЈП за државни патишта Зоран Китанов, на Изградбата на Мост бр.4 на река Пчиња на Регионалниот пат Р2136, на делницата Ржаничино – Долно Коњаре. Проектот е финансиран од средства од ЈП за државни патишта, во износ од 67 милиони денари. Почетокот на проектот е 10 октомври 2018 година, а истиот е предвиден да заврши во јануари 2020 година.

Во просториите на ЈП за државни патишта се одржа Стручен собир од областа Мостови, на тема: Систем за управување со мостовите, на кој што настан беа поканети учесници и гости од повеќе институции, каде беше одржана презентација за состојбата на мостовите во Р.Македонија, попис, следење, одржување, карактеристични проблеми, одржување и трајност на мостовите, употреба на систем за мерење возила во движење на оптимална проценка на сигурноста на мостовите и континуирано следење на истите, како и имплементација на системот за управување со мостовите како основа за долгорочно и безбедно стопанисување со мостовите.

Директорот Зоран Китанов даде Интервју за Македонското радио Радио Скопје, од страна на новинарот Зоран Трајчевски на тема: Завршни активности за оваа година и следни проекти во 2019 година.

ЈП за државни патишта ја достави до Влада на РМ, на усвојување Информацијата за третиот квартал за финансиското работење на ЈПДП за 2018 година, како и Информацијата  за Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2019 година. Од страна на Владата на РМ беа разгледани и усвоени доставените Информации.

Одржани беа многубројни средби и состаноци со институции чија дејност е од областа на вршење на надзор, проектирање, ревизија на проекти, изведба, како и надворешни фирми кои се занимаваат со надзор, проектирање, градба и други институции, се со цел остварување на бројните проекти за патиштата со кој ЈПДП управува и чија што дејност е  планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта, како и наплата на патарина. Исто така одржани беа средби со Градоначалници од повеќе градови на Р.Македонија.

Се одржаа седници со органите на управување на ЈП за државни патишта: Управен одбор и Надзорен одбор за донесување на одлуки и одобренија по одредени точки за кои што Управниот одбор и Надзорниот одбор имаат обврска  истите да ги донесат, за непречено функционирање на процесот на работењето на претпријатието.

Директоротот Зоран Китанов заедно со заменик претседателот на Влада на РМ, задолжен за европски прашања Бујар Османи, беше присутен на координативните состаноци кои се одржаа овој месец, а во врска со проектот за проектирање и изградба на автопатот А4, делница ГП Блаце – Скопје (клучка Стенковец) кои беа одржани во Секретаријатот за европски прашања.